РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 04-3931/20
13-06-2022 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен Весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019 и 110/2019"), член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен Весник на Република Македонија"бр.62/05, 106/08, 161/08,114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20 и 151/21) и член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), а во врска со Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерот донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на (1) извршител за работно место по објавен оглас бр.2/2022 за работното место бр.6 на определено време

1. За извршител на работите за работно место Помлад соработник за прибирање и обработка на геопросторни податоци, Одделение за картографија и далечинска детекција, Служба за просторен информативен центар – 1 (еден) извршител., на определено време, јавен оглас бр.2/2022, објавен во дневните весници „Слободен Печат" и „ Коха" на 30.05.2022 година, се избира кандидатот **Јован Ѓорѓиев.**
2. Именуваниот ќе се вработи на работно место од точката 1 по завршување на постапката за избор и конечноста на одлуката, а врз основа на договор за вработување на Помлад соработник за прибирање и обработка на геопросторни податоци, Одделение за картографија и далечинска детекција, Служба за просторен информативен центар, на определено време.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

# О б р а з л о ж е н и е

Комисија за спроведување на јавен оглас бр.2/2022 во Министерство за животна средина и просторно планирање, формирана со Решение бр. 04-3931/11 од 02.06.2022 година, врз основа на Записник од работата на комисијата за спроведување на јавен оглас констатира дека на јавниот оглас за вработување на работно место Помлад соработник за прибирање и обработка на геопросторни податоци, Одделение за картографија и далечинска детекција, Служба за просторен информативен центар, на определено време, се пријавил само кандидатот **Јован Ѓорѓиев.,** кој ги исполнува условите од наведеното работно место.

Со оглед на тоа што именуваниот ги исполнува предвидените услови утврдени во јавниот оглас истиот може да заснова работен однос на определено време на горе наведеното работно место.

Министер
Naser Nuredini